С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 14 година XLI** **22 декември 2005**	Претплата за 2005 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

153.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2005 година

Се прогласува Олуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2005 година.

Број 0801-3388/1
22 декември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 2 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05, 9/05), а во согласност со член 14, член 15, став 2 и член 21 од Законот за буџети („Сл.весник на РМ" бр.79/93; 3/94; 71/96; 46/00; 11/01; 93/01; 46/02 и 24/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана 21.12.12.2005 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2005 година

I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Во Буџетот на Општина Велес за 2005 година се вршат следните измени:

	Буџет 2005	**Ребаланс 2005**
Вкупни приходи	**107.556.596 денари**	**97.137.557 денари**
итоа:		
тековни оперативни приходи	**107.457.596 денари**	**97.038.557 денари**
капитални приходи	**99.000 денари**	**99.000 денари**
Вкупни расходи	**107.556.596 денари**	**97.137.557денари**
итоа:		
утврдени намени	**104.979.139 денари**	**94.560.100 денари**
тековно оперативни расходи	85.100.143 денари	77.108.181 денари
капитални расходи	19.878.996 денари	17.451.919 денари
резерви	**2.577.457 денари**	**2.577.457 денари**

Член2

Во Буџетот на Општина Велес за 2005 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.5/05), во раздел 71101, во „Билансот на приходи" програма 00, сметка 630, се вршат следниве измени:

Се врши зголемување на следниве потставки:

722315 - Административни такси, износот од „0" ден., се заменува со „100.000" ден.
711133 - Дан.на дох.од физ.лица, износот од „99.660" ден., се заменува со „119.660,, ден.
713211 - Данок на наслед.и подарок, износот од „400.000", се заменува со „450.000" ден.
717112 - Ком.такса за истак.фирма,рекл., изн.од „1.700.000" се замен.со „2.100.000" ден.
723911 - Закупнина од објекти, износот од „423.000" ден. се заменува со „439.000" ден.
725211 - Тековни донации, износот од „6.000" ден. се заменува со „11.000" ден.

741112 - Трансфери од буџ.на РМ, износ.од „3.761.792" ден.се замен.со „5.872.000" ден.
741113 Трансфери од буџ.на фондови, износ.од „0"ден.се заменува со „10.872.427" ден.
742119 - Други општи и тек.донации, изн.од „50.000" ден. се заменува со „450.000" ден.

Во колоната „Приходи од донации", износот од „990.000" ден. на потставката 742119, се заменува со „1.030.000" ден.

Се врши намалување на следниве потставки:

711111 - Дан.на пл.од работ.со општ.кап.,изн.од „1.028.049" д.се замен.со „708.049"ден.
713111 - Данок на имот, износот од „5.100.000" д. се заменува со „3.150.000" ден
713311 - Данок на пром.на недв.и права,изн.од„10.393.000"ден.се замен.со „9.821.800"ден.
717129 - Други ком.такси, износот од „7.400.000" д. се заменува со „1.460.000" ден.
717137 - Надом.за уред.на град.земј.,износот од „12.150.000" д.се зам.со „10.248.526" ден.
717138 - Надомест. од ком.дејност, износот од „985.000" ден.се замен.со „485.000" ден.
741111 - Тек.трансф.од др.нив.на власт, изн.од „8.680.648" д. се замен.со „6.303.075" дден.
741211 - Капит.трансф.од др.нив.на власт, изн.од „10.872.427" д.се заменува со „0" ден.

Член3

Во посебниот дел на Буџетот на Општина Велес, раздел 71101, во „Билансот на расходи" се вршат слелдниве измени:

-Во програма А- Совет на Општина, потпрограма А0 - Совет на Општина, во колоната за „основен буџет", с/ка 630, се вршат следниве измени

1. Се врши зголемување на следниве потставки:

401520 - ПД на доход од надом., износот од „361.000" ден. се заменува со „460.514" ден.
426210 - Расходи за репрезен., износот од „100.000" ден. се заменува со „180.000" ден.

-Во програма „D - Градоначалник", потпрограма „D0 - Градоначалник", во колоната за „основен буџет", с/ка 630, се вршат следниве измени:

1.Се врши зголемување на следниве потставки:

423110 - Канцелариски материјал,износот од „100.000"ден. се заменува со „150.000" ден.
423210 - Материјали за АОП, износот од „180.000" ден се заменува со „230.000" ден.
425230 - Осигурување на вработени, износот од „0" ден. се заменува со „4.501" ден.
425310 - Правни услуги, износот од „5.000" се заменува со „18.450,оо" ден.
425990 - Други договорни услуги, износот од „400.000' ден.се заменува со „520.000"ден.
426210 - Расходи за репрезентац., износот од „350.000"ден.се заменува со „450.000" ден
426990 - Др. операт. расходи, износот од „150.000" ден.се заменува со „250.000,оо" ден.

2.Се врши намалување на следниве потставки:

483310 - Купување на моторни возила, износот од „2.100.000"ден.се заменува со „0" ден.
425250 - Осиг.на недвиж. и права,износот од „80.000"ден.се заменува со „75.499" ден.

3. Се врши измена на потставка 482930 - Реконструкција на други објекти и тоа во колоната за „Основен буџет" износот од „1.535.921" ден. се заменува со износот од „1.495.921" ден., а во колоната за „Донации" износот од „990.000" ден., се заменува со износот од „1.030.000" ден.

-Во Програма Е - Општинска администрација, потпрограма Е0 - Општинска администрација, во колоната за „Основен буџет", с/ка 630, се вршат следниве измени:

1.Се врши зголемување на следниве потставки:

401310 - Надомест за превоз, износот од „0" ден., се заменува со „57.560" ден.
401330 - Надомест за годишен одмор,износот од „240.640"ден.се замен.со„290.640" ден.

2.Се врши намалување на следниве потставки:

401320 - Надомест за храна, износот од „1.500.000" ден., се заменува со „1.392.440" ден
401510 - Перс.данок на доход од плата, изн.од „799.514" ден.се замен.со „700.000" ден.

-

Во програма W -„Противпожарна заштита", потпрограма W0 - „Противпожарна заштита" во колоната за „основен буџет" се бришат следниве потставки:
401120 - Осн.плати-држ.службеници, износот од „2.258.141"ден. се замен.со „0" ден.
401510 - Перс.данок на доход од плата, износот од „287.087" ден. се замен.со „0" ден.
402110 - Осн.придонеси за ПИО,износот од „793.512" ден. се заменува со „0" ден.
402210 - Ос.придонеси за здравство износот од „344,355" ден. се заменува со „0" ден.
402220 - Осн.придонеси за проф.забол.износот од „18.809" ден. се замен. со „0" ден.
402310 - Осн.прид. до агенц.за враб. износот од „59.888" ден. се заменува со „0" ден.

Во Потпрограма F - Урбанистичко планирање и уредување на просторот, Програма F1 - Урбанистичко планирање во колоната за „основен буџет", с/ка 630, се врши следната измена:

1.Се врши намалување на следнава потставка:
425640 - Израб.на прост.и урбан.план.,износ. од„1.650.000"ден.се замен.со„1.250.000" ден.

-Во Програма J - Комунални дености, во колоната за „основен буџет", с/ка 630, се вршат измени во следниве потпрограми:

Во Потпрограмата J6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици, износот од „6.050.000", на потставката 424320 - Одржување на автопати, улици и патишта, се заменува со „3.460.000" ден.

Во Потпрограма J8 - Други комунални услуги, износот од „13.912.000" ден. на потсметката 424390 - Одржување на други градби, се заменува со „12.352.000" ден.

Во Потпрограма JD - Изградба и реконструкција на локални патишта, се вршат следниве измени:
482120 - Изгр.на улиц.пат.и автопат.износ.од „9.803.075" ден.се замен.со„8.943.075" ден.
482620 - Изградба на спомен., износот од „2.900.000" ден. се заменува со „3.246.076" ден.
482920 - Изградба на други објекти, износ.од „1.390.000" ден. се замен.со „1.483.227" ден.

Во Потпрограма Л - Изградба на системи за одведување на пречист. на отпадни води, износот од „300.000" ден. на потставката
482920 - Изградба на други објекти се заменува со „200.000" ден.

-Во програма К, потпрограма К1 - „Библиотекарство" во колоната „Расходи од наменси дотации", с/ка 930, се вршат следниве измени:

1. Се врши зголемување на следнава потставка:
421320 - Телефон и телефакс, износот од „26.300" ден. се заменува со „52.227" ден.

2.Се врши намалување на следниве потставки:
423120 -Спис.весн. и др. изд., износот од „110.000" ден. се заменува со „96.393" ден.
423190 -Др.админ.материјали износот од „56.000" ден. се заменува со „50.000" ден.
424420 - Попр.на софт. и хард.опр. износот од „24.000" д. се заменува со „22.063" ден.
425250 - Оси.на недвижности и права, износот од „4.383" ден. се заменува со „0" ден.

Во Програма К - „Култура" потпрограма К3 „Музејска и кинотечна дејност", во колоната „Расходи од наменски дотации", с/ка 930, се вршат следниве измени:

1.Се врши зголемување на следниве потставки:
423110 - Канцелариски материјали, износот од „6.500" ден. се заменува со „6.690" ден.
423120 - Спис.весници и др.изд., износот од „15.000" ден. се заменува со „19.380" ден.
423990 - Други материјали, износот од „40.000" ден. се заменува со „50.000" ден.
424420 - Поправки на софт. и хард., износот од „4.000" ден. се заменува со „10.000" ден.
425920 - Услуги за копир.,печатење, износот од „5.900" ден.се заменува со „45.900" ден.

2.Се врши намалување на следниве потставки:
420110 - Патув. во земјата-хран.(днев.)износ.од „12.000"ден.се замен.со „6.000" ден.
421110 - Електрична енергија, износот од „80.000" ден. се заменува со „63.430" ден.
421120 - Водовод и канализација, износот од „24.000" ден. се заменува со „15.680" ден.
425990 - Други догов.услуги, износот од „619.000" ден. се заменува со „336.700" ден.

3.Се додаваат нови потставки:
421430 - Транспорт на стоки, износот „0" ден., се заменува со „5.500" ден.
426990 - Други оперативни расходи, износот од „0" ден., се заменува со „3.500" ден.
483240 - Куп.на информ.опрема, износот од „0" ден., се заменува со „193.620" ден.
423720 - Ситен инвентар,алат и др., износот од „0" ден., се заменува со „50.000" ден.

Во Програма М - „Социјална заштита и заштита на деца", потпрограма М1 -„Детски градинки" во колоната „Расходи од наменски дотации", с/ка 930, се вршат следниве измени:

1.Се врши зголемување на следниве потставки:
421420 -Регистр.на мот.возила, износот од „7.143" ден.,се заменува со „14.860" ден.
425990 - Други дог.услуги, износот од „176.149" ден., се заменува со „231.659" ден.

2.Се врши намалување на следниве потставки:
421120 - Водовод и канализација, износот од "57.145" ден. се заменува со „49.428" ден.

425490 - Други здравствени услуги, износот од „55.510", ден.се заменува со „0" ден.

Во Програма N - „Образование", потпрограма N1 - „Осноно образование", во колоната „Расходи од наменски дотации", с/ка 930, се вршат следниве измени:

1.Се врши зголемување на следниве потставки:

421110 - Електрична енер., износот од „744.384" ден. се заменува со „748.167" ден.

421120 - Водовод и канализација, износот од „406.894" ден. се заменува со 454.501" ден.

421320 - Телефон и телефакс, износот од „121.386" ден. се заменува со „152.950" ден.

423110 - Канцелариски материјал, износот од „68.946" ден. се заменува со „90.108" ден.

423710 - Сред. за одрж. хигиена, износот од „80.437" ден. се заменува со „141.575" ден.

423720 - Ситен инвентар, алат, износот од „80.437" ден.,се заменува со „138.104" ден.

421240 - Течни горива, износот од „4.099.602" ден. се заменува со „4.203.591" ден.

2.Се врши намалување на следниве потставки:

421130 - Ѓубретарина, износот од „90.575" ден. се заменува со „84.310" ден.

421220 - Дрва, износот од „564.903" ден., се заменува со „403.812" ден.

423120 - Спис.весн. и др. издан. износот од „22.982" ден. се заменува со „14.778" ден.

423620 - Училишен матаер. износот од „17.237" ден. се заменува со „5.478" ден.

425750 - Услуг.за вонучил.образ. акт.,износ. од „305.289"ден. се замен. со „123.494" ден.

3.Се додаваат нови потставки:

421190 - Др. комунални такси и услуги, износот од „0" ден. се заменува со „3.476" ден.

423990 - Други материјали, износот од „0" ден. се заменува со „23.128" ден.

426990 - Дрги оперативни расходи, износот од „0" ден. се заменува со „15.600" ден.

Во програма N - „Образование" потпрограма N2 - „Средно образование" во колоната „Расходи од наменски дотации, с/ка 930, се вршат следниве измени:

1. Се врши зголемување на следниве потставки:

421110 - Електрична енергија,износот од „236.884" ден.,се заменува со „247.487" ден.

421120 - Водовод и канализација, износот од „87.711" ден. се заменува со „122.526" ден.

421130 - Ѓубретарина, износот од „77.790" ден., се заменува со „81.234" ден.

423710 - Средства за одрж. хигиена,износот од „42.076"ден. се заменува со „42.714" ден.

423720 - Ситен инвен.алат и др.мат., износот од „7.998" ден. се заменува со „9.012" ден.

423990 - Други материјали, износот од „18.691" ден. се заменува со „19.517" ден.

2.Се врши намалување на следниве потставки:

421140 - Градска рента, износот од „48.862" ден. се заменува со „0" ден.

423110 - Канцелар. материјали, износот од „112.012" ден се заменува со „109.534" ден.

424210 - Одржување на згради, износот од „35.305" ден. се заменува со „29.069" ден.

3.Се додаваат нови потставки:

424420 - Поправ. и одрж.на софт. и хард.опрема, износ.од „0" се замен.со „2.356" ден.

424430 - Поправ. и одреж. на опрема, износот од „0" ден., се заменува со „3.880" ден.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3377/2
21.12.2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

154.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на Проектот „Развој на општините и културата“

Се прогласува Олуката за измена и дополнување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на Проектот „Развој на општините и културата“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2005 година.

Број 0801-3388/2
22 декември 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.1/03,5/05,9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на проектот „Развој на општините и културата“

Член 1

Во Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на проектот „Развој на општините и културата“ („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.5/05) се врши следнава измена, после член „3“ се додава нов член „4“ кој гласи:

„Член 4

Дел од средствата наведени во член 3 од Одлуката во износ од 187.000 денари се доделуваат на Здружението на граѓани „Центар за култура и уметност“-Велес.

Средствата што ќе се доделат се наменети за плаќање на Данок на додадена вредност за набавката на аудио и видео опрема во рамките на проектот „Аудио и видео поддршка на локалните установи и манифестации.“

Член 2

Членот „4“ станува член „5“,а членот „5“ станува член „6“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3377/3
21.12.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

155.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар

Се прогласува Олуката за давање на користење на недвижна ствар, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2005 година.

Број 0801-3388/3
22 декември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05,9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење на недвижна ствар

Член 1

На Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт" Велес му се дава на користење недвижна ствар и тоа:

-објект Спортска сала „Партизан", на К.П.бр.1813 на улица „Алексо Демниевски" во вкупна површина под објект од 485м2 и двор од 1877 м2 кој се води во имотен лист бр.23410 за КО Велес. и

-објект СРЦ „ 25-ти Мај" , на КП 1815 на улица „Алексо Демниевски" во м.в. „Градски парк", во вкупна површина под објект од 5345 м2 и двор од 2787 м2 кој се води во имотен лист бр.25440 за КО Велес.

Член 2

Градоначалникот ќе склучи посебен договор со ЈПССО„Парк -Спорт" за начинот и условите на користење на објектите.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3377/4
21.12.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

156.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за давање на времено користење на дел од објект

Се прогласува Олуката за давање на времено користење на дел од објект, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2005 година.

Број 0801-3388/4
22 декември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03,5/05,9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2005 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на времено користење на дел од објект

Член 1

На Фолклорен ансамбл „Вила Зора“, Студио за модерен балет „Црни мачиња“, Балетска група „Анабела“, Младинско драмско студио Велес“ и Турско Културно уметничко друштво „Бирлик“ им се дава на времено користење дел од објект што се наоѓа на ул. „Алексо Демниевски“ бб (поранешен Центар за детско творештво „Ѓоре Органџиев“) - заведен на ИЛ бр.22 за КО Велес .

Член 2

Градоначалникот ќе склучи посебен договор со секој од корисниците наведени во членот 1 за начинот и условите на користење на просториите.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3377/5
21.12.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

157.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена на Одлуката за отуѓување на патнички моторни возила

Се прогласува Олуката за измена на Одлуката за отуѓување на патнички моторни возила, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2005 година.

Број 0801-3388/5
22 декември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03,5/05,9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена на Одлуката за отуѓување на патнички моторни возила

Член 1

Во Одлуката за отуѓување на патнички моторни возила ("Службен гласник на Општина Велес“ бр.9/05), во член 1, ставовите 2, 3 и 7 се бришат.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3377/6
21.12.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

158.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05), Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за набавка на патнички моторни возила

Се прогласува Олуката за измена и дополнување на Одлуката за набавка на патнички моторни возила, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2005 година.

Број 0801-3388/6
22 декември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05,9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 21.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за набавка на патнички моторни возила

Член 1

Во Одлуката за набавка на патнички моторни возила („Службен гласник на Општина Велес" бр.9/05),во член 1 бројот „4“ се заменува со бројот „3“, а понатамошниот текст од членот се брише и се заменува со „патнички моторни возила со јачина до 1600 см3 за потребите на Општина Велес“.

Член 2

Во член 2 бројот „2.100.000,оо денари (двамилионаистоилјадиденари)“ се брише и се заменува со бројот „2.325.000,оо денари (двамилионатристадваесет ипетилјадиденари) и годината „2005“ се заменува со годината „2006“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3377/6
21.12.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

159.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за давање на користење на патничко моторно возило

Се прогласува Олуката за давање на користење на патничко моторно возило, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2005 година.

Број 0801-3388/7
22 декември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.1/03,5/05,9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење на патничко моторно возило

Член 1

На Територијалната противпожарна единица Велес и се дава на користење патничко моторно возило марка Лада тип нива со број на шасија НТА 212100НА55480 и година на производство 1987, со регистерска ознака VE-816-BF.

Член 2

Територијалната противпожарна единица Велес се обврзува патничкото моторно возило наведено во членот 1, да го користи за потребите од нивната дејност, да го одржува и се грижи да биде во исправна состојба.

Член 3

Општина Велес го задржува правото да го побара возилото и да и биде ставено на располагање во секое време.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3377/8
21.12.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

160.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Се прогласува Олуката за измена на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес, што Советот на

Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.12.2005 година.

Број 0801-3388/8
22 декември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ" бр. 68/04) и Статутот на Општина Велес член 23 став 1 точка 15 („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 1/03,5/05,9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.4/05) во членот 2 во табеларниот приказ на единствената мрежа на линии за општинскиот линиски превоз, во реден број 1 во колоната 3 и 4 се менува текстот и истиот гласи:

Ред.бр.	Број на линијата	Назив на линијата	Траса на линијата
1	2	**Долни дуќани – Автобуска станица - Превалец**	
		Насока: Долни дуќани – Автобуска станица - Превалец	Преку улиците: „Димко Најдов“, „Петре Прличко“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „Маршал Тито“, „А.Д.Бауман“, „Моша Пијаде“, „Ленинова“, „11-ти Октомври“, „Индустриска“ и „Благој Ѓорев“.
		Насока: Превалец – Автобуска станица - Долни дуќани	Преку улиците: „„Благој Ѓорев“, „Маршал Тито“, „Страшо Пинџур“, „Гоце Делчев“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Петре Прличков“, „Димко Најдов“.

Член 2

Во членот 23 во табеларниот приказ на попатните автобуски стојалишта за општинскиот линиски превоз на патници текстот во редниот број 1 се менува и гласи:

Ред.бр.	Автобуски линии за општински линиски превоз	Локации на попатни стојалишта во насока:	Локации на попатни стојалишта во насока:
1	**Долни дуќани – Автобуска станица - Превалец**	Долни дуќани – Автобуска станица – Превалец	Превалец – Автобуска станица - Долни дуќани
